# Cuvée de Prestige 2012




Суво црвено вино со контролирано и гарантирано потекло; добиено е со винификација на внимателно одбрани гроздови од сопствените насади на винаријата Камник, од сортите: Merlot (79%), Carmenere (17%) и Вранец(4%).

Виното се одликува со интензивна рубин црвена боја, допадлива арома на зрели плодови на црно ситнозрнесто овошје со дискретни вегетативни ноти надополнети со поттонови на црно чоколадо. Комплексноста на ова куве се должи на повеќегодишното одлежување во нови и делумно користени дабови буриња со капацитет од 225 литри. Вкусот е полн, со висока содржина на екстракт, хармонична киселост и меки сомотести танини кои му овозможуваат на ова вино потенцијал за повеќегодишно созревање во шише.

Препорачана температура на послужување: 14-16°C. Уживајте во ова вино во комбинација со јаки сирења, специјалитети од месо и дивеч, како и зачинета храна. Препорачливо е виното да се декантира пред послужување.

Алкохол: 15,7 % Vol. Полнето: Февруари, 2014

НАГРАДИ:

- Concours International de Lyon, Франција 2014, Злато
- GAST, Хрватска 2014, Злато
- Mundus Vini International Wine Award - 86 поени